**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-30/3**
**Скопје,10.02.2025 година.**

Записник од седумнаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 10.02.2025 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-дин Ермон Незири член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа м-р Кети Петкова член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на седумнаесеттата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори седумнаесеттата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Разгледување на состојбите во Вишото јавно обвинителство Скопје и одлучување по истата,
2. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија,
3. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска истакна дека ВЈО на ВЈО Скопје Мустафа Хајрулахи е оддалечен од вршењето на неговата функција додека трае кривичната постапка и со оглед на тоа што во ВЈО Скопје треба да има

јавен обвинител кој ќе раководи со работата додека трае оддалечувањето, предложи Советот на денешната седница да донесе одлука некој од јавните обвинители од ВЈО Скопје да ја извршува таа функција додека трае оддалечувањето. Кажа дека во овој момент во ВЈО Скопје има девет јавни обвинители, двајца се оддалечени од функцијата јавен обвинител и од тие јавни обвинители треба да се назначи еден за таа раководна улога, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кој кажа дека ќе се фокусира на важноста да се разгледа конкретниот случај на суспендираниот јавен обвинител и на правните аспекти кои произлегуваат од оваа ситуација. Кажа дека станува збор за важен и чувствителен процес кој треба да биде третиран со внимание и строго почитување на законите на нашата држава. Истакна дека Законот за Советот на јавните обвинители и Законот за јавното обвинителство јасно утврдуваат дека секој кој е суспендиран не може да ја продолжи својата функција додека не се заврши постапката која го вклучува. За време на траењето на оваа процедура, неговите овластувања се суспендирани, и не дозволуваат вршење на функцијата додека не се донесе конечна одлука. Како решение, иако не може да се назначи вршител на должност на позицијата која е суспендирана, Советот мора да донесе некакво решение кое ќе обезбеди непречено функционирање на обвинителството. Во оваа насока, потребно е да се именува лице кое ќе ја преземе функцијата на обвинител и ќе ја извршува истата до завршувањето на постапката која се води за суспендираниот јавен обвинител. Смета дека на овој начин ќе се осигураме дека обвинителството ќе функционира со полн капацитет, и тоа во согласност со законските норми кои владеат во нашата држава. Потенцираше дека имајќи ја во предвид сериозноста на ова прашање , Советот мора да се стреми кон решенија кои ќе ја зачуваат независноста на обвинителството и истовремено ќе го осигураат неговото непречено функционирање, додека не се донесе конечен правен исход за лицето кое е суспендирано. Воедно како препорака смета дека треба да се донесе одлука која ќе ја обезбеди на време именување на лице кое ќе ја преземе функцијата до завршувањето на постапката која се води против суспендираниот јавен обвинител, се разбира, во согласност со сите законски и етички стандарди.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски кажа дека стои позади искажаното од страна на колегата. Смета дека од јавните обвинители кои моментално ја извршуваат функцијата јавен обвинител во ВЈО Скопје, треба да се назначи јавен обвинител кој има интегритет, обвинител за кој досега нема никакви забелешки на неговата работа и лично како државен јавен обвинител познавајќи ги состојбите, истакна дека во ВЈО Скопје има јавни обвинители кои можат да ја обавуваат оваа функција. Воедно даде свој предлог оваа функција да ја извршува јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева. Кажа дека станува збор за јавен обвинител кој што овој Совет на јавните обвинители на РСМ ја има избрано едногласно за јавен обвинител во ВЈО Скопје. Цени дека јавниот обвинител е со интегритет, на нејзината работа немало никакви забелешки, дека е извршен надзор во тоа јавно обвинителство и убеден е дека ќе одговори на оваа функција.

Членот на Советот г-ѓа Зорица Павловиќ го подржи предлогот на државниот јавен обвинител и воедно кажа дека станува збор за чесен јавен обвинител со интегритет кој работи строго со докази и смета дека успешно ќе одговори на оваа функција.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека со оглед на целата ситуација во ВЈО Скопје има двајца фаворити и тоа јавните обвинители Наташа Крстевска Цалева и Наташа Сарамандова. Кажа дека доаѓаат од најголемото јавно обвинителство во РСМ. Смета дека двајцата јавни обвинители се неприкосновани професионалци. Воедно со согласи со предлогот на јавниот обвинител на РСМ.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска смета дека предлогот на Јавниот обвинител на РСМ е прифатлив, кажа дека се работи за јавен обвинител кој Советот едногласно го избра за јавен обвинител во ВЈО Скопје, дека нема никакви забелешки во нејзиното работење и стручност и јавен обвинител кој што има интегритет. Смета дека предлогот е прифатлив и откако никој не зема збор предлогот го стави на гласање јавниот обвинител во ВЈО Скопје Наташа Крстевска Цалева да биде избрана како јавен обвинител кој ќе раководи со ВЈО Скопје, додека трае оддалечувањето на ВЈО на ВЈО Скопје, согласно чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ.

Едногласно со десет гласа ЗА јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева беше избрана за јавен обвинител кој ќе раководи со ВЈО Скопје, додека трае оддалечувањето на ВЈО на ВЈО Скопје, согласно чл.9 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлкука со која јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, Наташа Крстевска Цалева се определува да раководи со Вишото јавно обвинителство Скопје, за време додека трае оддалечувањето од вршењето на функцијата јавен обвинител на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје Мустафа Хајрулахи, согласно чл.9 од Законот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.**

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот дека Основниот јавен обвинител на ОЈО Кичево, Манка Јаневска на ден 15.02.2025 година ги исполнува услови за старосна пензија со навршување на 64 години. Предложи Советот да донесе одлука и решение за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функција Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, за јавниот обвинител Манка Јаневска поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години, заклучно со 15.02.2025 година.**

Под точка разно од дневниот ред г-дин Ермон Незири во присуство на јавноста на седницата на Советот кажа дека во среда на веб страницата на Советот објавено е дека има отворен ден со Советот со цел кандидатите кои ја имаат завршено почетната обуката за судии и јавни обвинители од осмата генерација на слушатели во АСЈО, се запознаат со условите доколку се решат да бидат јавни обвинители. Преку јавноста упати апел до кандидатите да дојдат во просториите на Советот.

Откако никој не зема збор под точка разно претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи седумнаесеттата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**